# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 19-та седница одржана на ден 07 јуни 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност, односно нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12- 2376/1 од 10.04.2019година.

Предметот со број 12- 2376/1 од 10.04.2019година да се затвари и да се архивира.

До подносителите на пријавата не се доставува писмено известување за постапувањето и за заклучокот донесен од страна на Државната комисија, од причини што подносителите, до ДКСК, не доставиле лични и адресни податоци за контакт.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12- 2376/1 од 10.04.2019 година е оформен врз основа на пријава од непознати подносители – вработени во ЈП ---------------- Скопје.

Со пријавата се изнесуваат лични ставови и незадоволство, како и сомневња во врска со продолжување, во два наврати – во 2018 и 2019 година, на работниот однос на Раководител на ------------------------ на ЈП -------------- Скопје, со посочување дека наведеното службено лице има наврешена возраст од 64 години.

При утврдувањето на фактичката состојба по однос на конкретниот случај и при оценкатаа на основаноста на наводите од пријавата Државната комисија се раководеше од одредбата од членот 104 ставови (2),(3) и (4) од Законот за работните односи со кои се уредува правото на работникот кој ќе наполни 64 години возраст, со писмена изјава до работодавачот, да побара да му се продолжи договорот за вработување најмногу до 67 години возраст, а при кое работодавачот е должен по изјавата дадена соглсно со ставот (2) од истиот член да го продолжи договорот за вработување најмногу до 67 години возраст.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**